

ПЕТТИ ДЕЛ

Австралија денес

Австралија денес

Во ова поглавје ќе научите за австралиската култура, иноватори и националниот идентитет. Во денешниот свет, Австралија е динамичен деловен и трговски партнер, и почитуван граѓанин на светот. Ние го цениме придонесот на нашите нови доселеници за постојаниот подем и обновување на нашата земја.

Земјата

Австралија е една од најстарите копнени површини на светот. Таа е шеста по големина земја во светот. Таа е исто така најрамната и најсувата населена копнена маса. Поголемиот дел од Австралија има јалова земја и малку дожд, поради што е тешко да се обработува. Сувите подрачја во внатрешноста се нарекуваат„заднина" ('the outback') и се многу оддалечени и сурови средини. Во Австралија, водата е скапоцено природно богатство.

Бидејќи е толку голема земја, Австралија има региони со многу различни клими. Има тропски региони во северниот дел на Австралија и пустини во средишниот дел. На југ, температурите можат да се менуваат од студени зими со снег на планините, до жешки бранови во летата.

Покрај шесте држави и двете територии на главното копно, австралиската влада исто така управува и со следните територии:

- Островите Ашмор и Картие
- Божикниот Остров
- Кокосови (Килинг) Острови
- Територијата Џервис Беј
- Островите во Коралното Море
- Островот Херд и Островите Мекдоналд во Австралиската Антарктичка Територија
- Островот Норфолк

Места од светското културно наследство

Следните места во Австралија се наоѓаат на списокот на светското културно наследство што го води Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (UNESCO).

Културни

- Австралиски осуденички места
- Културен пејсаж Бањ Бим
- Кралската изложбена зграда и градините Карлтон во Мелбурн
- Сиднејската Опера



Сиднејската Опера

Природни

- Австралиски ископини на фосилни цицачи во Јужна Австралија и и Квинсленд (Риверслеј/Наракурт)
- Кгари (порано Островот Фрејзер)
- Прашумата Гондвана во Австралија
- Големиот Корален Гребен
- Подрачјето на Големите Сини Планини
- Островите Херд и Макдоналд
- Група острови Лорд Хов
- Маквори Остров
- Нингалу Брег
- Националниот парк Пурнулулу
- Заливот на Ајкулите, Западна Австралија
- Влажни тропски предели во Квинсленд.

Мешовити

- Националниот парк Какаду во Северната Територија
- Тасманиската дивина
- Националниот парк Улуру-Ката Тјута во Северната Територија
- Регионот на Езерата Виландра.




Брановидна формација на карпи во подножјето на Ајерс Рок во Националниот парк Улуру-Ката Тјута

Покрај западната иконографија и природните убавини наведени погоре, има илјадници свети места ширум земјата кои се значајни за Аборициниите и луѓето од островите во Теснецот Торес. Тие места се значаен дел од културното ткиво на Австралија и се значајни за сите Австралијци. Светите места се обично поврзани со приказни за прародителски суштества и нивната улога во создавањето на огромни простори, обединувајќи културни вредности, роднински врски и општествен поредок.

Пространа земја

Аборициниите и луѓето од островите во Теснецот Торес имаат специјална поврзаност со земјата. Тие отсекогаш ги ценеле контактите со нивните соседи и преминуваат големи растојанија за да се сретнат со нив. Преданијата на Аборициниите и на луѓето од островите во Теснецот Торес се приказни кои ги поврзуваат традиционалните закони, историја и култура со географијата, протегајќи се преку различни културни и јазични групи ширум Австралија. Тие биле одржувани и практицирани со илјадници години.

Во многу делови на Австралија луѓето имаат ограничен пристап до услуги, како што се училишта, здравствени услуги и продавници, кои други Австралијци ги сметаат за обична работа. Ние соработуваме за да им помогнеме на луѓето кои живеат од оддалечените заедници. Знаменити Австралијци помогнале проблемите на оддалеченоста да се решат со остроумност и иновации.



Тасманиската дивина



Радио на педали

Во 1929, Алфред Трегар од Аделејд го измислил првото радио со погон на педали. Корисниците можеле да одржуваат двонасочна радио-врска вртејќи ги педалите со нозе. Од овој изум корист имале изолираните домаќинства, зафрлените мисионерски станици и заедниците на Аборициниите и луѓето од островите во Теснецот Торес. Радиото на педали помогнало да се основаат две големи австралиски институции - Кралската служба на летачки лекари (Royal Flying Doctor Service) и Училиште преку радио (School of the Air).

Кралската служба на летачки лекари

Велечесниот Џон Флин живеел и работел со луѓето во зафрлените заедници. Негова идеја била да им донесе лекар на пациентите во внатрешноста колку што е можно побрзо. За тоа да се оствари, тој добил помош од владата, од воздухопловната компанија Квантас и од доброволни прилози. Кралската служба на летачки лекари почнала да работи во 1928, но сеуште имало луѓе во зафрлените краишта кои не можеле да повикаат лекар. Воведувањето на радиото на педали обезбедило луѓето во позафрлените заедници да можат да викнат лекар што е можно поскоро.

Училиште преку радио

До педесеттите години на 20-иот век, децата што живееле во осамени места морале да одат во интернати или да ги учат лекциите по пошта (на сликата). Аделаида Митке, потпретседател на Кралската служба на летачки лекари од Јужна Австралија, сфатила дека радио-врската на Летачките лекари исто така може да им помогне на децата да разговараат со своите учители од дома. Службата од Алис Спрингс почнала да емитува двонасочни часови во 1948 година. Училиштето преку радио било официјално основано неколку години подоцна. Искуството на Австралија им помогнало на многу други земји да воведат слични програми.

Старото радио на педали беше заменето со високофреквентни радио-приемници, а сега го заменил интернетот. Кралската служба на летачки лекари на Австралија и Училиштето преку радио продолжуваат да им служат и да им користат на луѓето во зафрлените заедници во Австралија.

Австралиски идентитет

Австралискиот идентитет е обликуван од многу фактори, вклучувајќи го нашето домородно наследство и култури, нашите британски основи, разноличноста на нашите народи, нашата историја, вредностите што го насочуваат секојдневниот живот, нашите начини на живеење и Австралијците на кои им се восхитуваме.

Дел 6, Нашата австралиска приказна погледи на нашата историја. Таа нагласува прашања во врска со колонијалното минато на Австралија, и неодамнешните и сегашните околности на Аборицините и на луѓето од островите во Теснецот Торес. Приказната исто така ги вклучува потеклото и природата на австралиското разнолично мултикултурно општество, и предизвиците како што се војни со кои се соочивме заедно како нација.

Во остатокот од ова поглавје се осврнуваме на нашите начини на живеење и на луѓето на кои им се восхитуваме.

Спорт, забава и разонода

Многумина Австралијци го сакаат спортот и многумина австралиски спортисти постигнале впечатливи резултати на меѓународно ниво.

Низ нашата историја, спортот ги карактеризирал и обединувал австралиските луѓе. Уште од првите денови на доселувањето, спортот претставувал можност за бегство од реалноста на тешкиот секојдневен живот. Дури и во воените времиња, припадниците на Австралиските одбранбени сили организирале спортски натпревари што им помагале да се ослободат од напнатоста што ја предизвикувало боиштето.

Спортот исто така претставува заедничка основа што им овозможува и на играчите и на публиката да се чувствуваат вклучени и дека се дел од нешто што му е важно на австралиското општество. Аборицините, луѓето од островите во Теснецот Торес и Австралијците доселеници се меѓу најуспешните спортисти на земјата.

Многумина Австралијци се занимаваат со тимски спортови, како што се крикет, кошарка, нетбол и хокеј. Варијантите на фудбал како што се soccer, rugby league, rugby union и исклучиво австралискиот Australian Rules Football ('Aussie Rules') се многу популарни спортови што се играат и гледаат во Австралија. Пливањето, тенисот, атлетиката, голфот, велосипедизмот, пешачењето во природа, сурфот и скијањето се популарни рекреативни активности.

Австралија особено се гордее со своите меѓународни успеси во крикет. Австралиските и англиските крикет тимови се големи соперници уште од крајот на 19-иот век.

Мелбурншкиот куп, „трката поради која целата држава застанува", е една од најголемите коњски трки во светот. Првиот Мелбурншки куп се одржал во 1861 година. Мелбурншиот куп се одржува во првиот вторник на ноември и е државен празник во Викторија уште од 1877 година.

Сер Доналд Брадман (1908-2001)

Сер Доналд Брадман, најславниот крикет "batsman" на сите времиња, е австралиска спортска легенда. Доналд Брадман пораснал во Боурал, Нов Јужен Велс, и го одиграл својот прв натпревар во крикет за австралиската репрезентација во 1928 година.

Тој имал неверојатно брзи нозе. На својата прва турнеја низ Англија тој ги урнал речиси сите рекорди во "batting". Бил австралиска легенда уште пред да наполни 21 година. На неговата последна турнеја во 1948 година, неговиот тим станал познат како „Непобедливи" затоа што не загубиле ниту еден натпревар против Англија.



Уметност

Австралија има динамична уметничка сцена која ги опфаќа културните традиции на Абориџините и на народите од островите во Теснецот Торес. Австралиските ликовни и сценски уметници, вклучувајќи во филмот, уметноста, театарот, музиката и танцот, предизвикуваат восхит и во земјата и во странство.

Книжевност

Австралија има богата книжевна традиција. Таа почнала со приказните на Абориџините и на народите од островите во Теснецот Торес, и продолжила со усните преданија на осудениците кои пристигнале кон крајот на 18-иот век.

Најголемиот дел од раната австралиска пишана книжевност се однесува на дивината и на тешкотиите на животот во такви сурови услови. Писатели како Хенри Лосон и Мајлс Френклин пишувале песни и раскази за дивината и за австралискиот начин на живот.

Еден австралиски романописец, Патрик Вајт, ја добил Нобеловата награда за книжевност во 1973 година. Други популарни современи австралиски писатели се Питер Кери, Колин Мекалоу, Сали Морган, Тим Винтон, Том Кенели и Брајс Кортнеј.

Џудит Рајт (1915-2000)

Џудит Рајт била извонреден поет, заштитник на природата и борец за правата на Абориџините. Љубовта спрема Австралија и нејзините луѓе ја има изразено низ поезија. Добитник е на многубројни награди, вклучувајќи ја наградата за книжевност на Енциклопедија Британика и Златниот медал на Кралицата за поезија. Исто така, била член на Австралискиот одбор за зачувување на природата и околината, и на Одборот за спогодба со Абориџините.

Џудит Рајт ќе остане запаметена по своите поетски квалитети и по тоа што ги унапредила австралиската книжевност и социјалните и еколошките реформи.



Театар и филм

Австралиските претстави, филмови и филмски работници се признати и сакани - и во земјата и во странство. Австралиските артисти, како што се Кејт Бланшет, Џефри Раш, Никол Кидман и Хју Џекмен, и филмските режисери како Питер Вир и Баз Лурман, имаат освоено голем број меѓународни награди за нивните извонредни филмски остварувања.

Ликовна уметност

Најпризнати австралиски уметнички дела се прочуените домородни цртежи и сцените од дивината од 19-иот век, насликани од сликари како што се Том Робертс, Фредерик Мекабин и Артур Стритон. Кон средината на 20-иот век, уметниците Расел Драјздел и Сидни Нолан со живи бои ја насликале суровоста на внатрешноста на земјата. Брет Витли се здобил со меѓународно признание со својот уникатен и живописен стил. Домородната уменост, вклучувајќи ги делата на Алберт Наматџира, Емили Кејм Кнгварај, Глорија Петиар, Ровер Томас и Клифорд Посум Тџапалтџари, се многу барани во Австралија и во странство.

Музика и танц

Најпрепознатливиот и австралиски музички звук е звукот на диџериду, древен домороден инструмент.

Австралијците се занимаваат и се одлични во сите области на музиката, и се меѓународно признаени поради нивниот придонес кон класичната, кантри и рок музиката.

Меѓу многу познатите австралиски музичари се Кајли Миног, Џими Барнс, Пол Кели, Оливија Њутон-Џон, Џон Фарнам, Ник Кејв и домородните уметници Арчи Роач, Гурумул и Џесика Мобој. Австралиските музички групи како што се AC/DC и INXS привлекоа обожаватели ширум светот.

Австралискиот танц доживеал процут благодарејќи на напорите на извонредни танчери и кореографи како што се сер Роберт Хелпман, Мерил Танкард, Стивен Пејџ и Ли Чунџин. Бангара е танчерска група на Аборицини и на членови по потекло од островите во Теснецот Торес, многу фалена во Австралија и ширум светот поради исклучивиот стил на танцување, музика и дизајн.

Научни достигнувања и изуми

Австралијците зад себе имаат голем број научни достигнувања и унапредувања во областа на медицината, технологијата, земјоделството, рударството и производството.

Бројни Австралијци ја имаат добиено Нобеловата награда за научни и медицински откритија.

Големите научници исто така се добитници и на наградата Австралиец на годината. Во 2005 година, оваа награда ја доби професор Фиона Вуд, која ја изуми кожата во спреј за жртвите на изгореници. Во 2006 година, наградата ја доби професор Јан Фрејзер кој ја пронајде вакцината против рак на грлото на матката. Во 2007 година, професор Тим Фланери, водечки научник од областа на екологијата, ја доби оваа награда.

И професорот Вуд и професорот Фрејзер се имаат доселено во Австралија од Британија. Човекот со кој професорот Фрејзер заеднички го направи изумот беше покојниот доктор Џиан Жу, кој беше доселен од Кина и исто така стана австралискиот државјанин.

Д-р Фиона Вуд АМ (родена во 1958 година)

Д-р Вуд е еден од австралиските најиновативни и ценети хирурзи и истражувачи. Многу способен хирург за пластична и реконструктивна хирургија и водечки светски специјалист за изгоретини, таа имаше пионерска улога истражувањето и технолошкиот развој на медицината на изгоретини.

После нејзината работа со жртвите на бомбашките напади во Бали во 2002 година, Д-р Вуд беше прогласена за Член на Орденот на Австралија во 2003 година. На нејзиниот придонес во негата на лица со изгоретини му беше оддадено признание кога во 2005 година таа беше прогласена за Австралијанка на годината.



Професор Фред Холоуз (1929-1993)

Професорот Фред Холоуз беше страстен офталмолог (очен доктор) кој помогна да им се врати видот на повеќе од еден милион луѓе во Австралија и во земји во развој. Фред Холоуз е роден во Нов Зеланд. Во 1965 година се доселил во Австралија и подоцна станал раководител на очниот оддел во една сиднејска болница.

Тој цврсто верувал во еднаквоста на сите луѓе и помогнал да се основа првата аборицинска медицинска служба, какви сега има голем број ширум Австралија.

До 1980 година, Фред Холоуз патувал низ целиот свет за да основа програми за очно здравје во земјите во развој. Станал австралиски државјанин во април 1989 година.

Добрата работа на професор Холоуз продолжила преку Фондацијата Фред Холоу.



Австралиец на годината

Со наградата Австралиец на годината, што се доделува од 1960 г., се слават достигнувањата и придонесите на водечките Австралијци. Секој може да предложи Австралиец од сите области на животот за оваа награда.

Австралијци на годината се луѓе што покажале одлични резултати во својата работа и што и служеле на нацијата. Тие инспирираат и нè поттикнуваат да придонесеме во создавањето на подобра Австралија.

Меѓу наградите се и Млад Австралиец на годината, Постар Австралиец на годината и Австралиски локален херој.

Список на сегашните и поранешните добитници е достапен на www.australianoftheyear.org.au.

Д-р Џејмс Мјуки АМ

Очен хирург и пионер во областа на спречување на слепилото
Австралиец на годината во 2020



Д-р Мјуки е сооснивач на Вид за сите, добротворна организација чија цел е елиминирање на слепилото низ истражување, образование, инфраструктура и обука на колеги во земји-партнери.

Д-р Мјуки верува дека слепилото е прашање на човечките права и работи на создавањето на свет во кој секој ќе може да гледа.

Професор Мишел Сајмонс (родена во 1967)

Професор по квантна физика
Австралијанка на година во 2018



Професор Сајмонс е пионер на полето на атомска електроника и квантно компјутерство. На чело на тоа што таа го нарекува „вселенска трка на компјутерската ера", професор Сајмонс има намера да изгради квантен компјутер способен да решава проблеми за неколку минути, за што инаку би требале илјадници години. Такво откритие има потенцијал да внесе револуција во проектирањето на лекови, временската прогноза, возила што сами се управуваат, вештачка интелигенција и друго.

Во 2018, професор Сајмонс беше прогласена за Австралијанка на година, како признание за нејзината работа и посветеност на квантната информатика. Во 2019, таа беше прогласена за Офицер на Орденот на Австралија, како признание за нејзиниот „исклучителен придонес за научното образование, како лидер во квантна и атомска електроника и како пример за следење".

Австралиски пари

Илустрациите на нашите пари прикажуваат луѓе и симболи што се важни за Австралија.

Луѓето одбрани да бидат прикажани на нашите пари се луѓе што покажале иницијатива и голема надареност во областите на општествените реформи, науката, политиката, воените успеси и уметностите.

Кралицата Елизабета Втора (1926-2022)

Кралицата Елизабета Втора беше австралиски шеф на државата. Таа беше Кралица на Австралија и на Обединетото Кралство. Таа беше силно и стабилно присуство во текот на нејзиното долго и популарно владеење.



Зградата на Парламентот и мозаикот пред влезот

Шематскиот план на зградата на Парламентот е врз основа на Design Development Landscape Plan, обезбеден од Parliament House Construction Authority. Мозаикот на влезот е во стилот на сликање со точки од Централната Пустина, дело на Мајкл Нелсон Џагамара, со наслов «Посум и валаби сонуваат».



Дама Мери Гилмор (1865-1962)

Дама Мери Гилмор била писател, новинар, поет и борец за општествени реформи. Запаметена е по нејзиното пишување и говори за заштита на жените, сиромашните луѓе, Аборициниите и луѓето од островите во Теснецот Торес.



А. Б. «Бенџо» Патерсон (1864-1941)

Ендру Бартон Патерсон бил поет, песнописец и новинар. Пишувал под името «Бенџо» Патерсон и е особено запаметен како автор на текстот на 'Waltzing Matilda', најславната народна песна во Австралија.



Пречесен Џон Флин (1880-1951)

Пречесниот Џон Флин ја основал првата воздушна медицинска служба на светот, Кралската служба на летачки лекари на Австралија. Запаметен е по тоа што спасил многу животи овозможувајќи пружање на здравствени услуги во зафрлените подрачја на Австралија.



Мери Риби (1777-1855)

Мери Риби била првата деловна жена во колонијата Нов Јужен Велс. Откако пристигнала во Австралија како млада осуденичка, таа станала почитуван водач на заедницата.



Едит Кауан (1861-1932)

Едит Кауан била социјален работник, политичар и борец за женски права. Таа била првата жена избрана во австралискиот Парламент.



Дејвид Анајпон (1872-1967)

Дејвид Анајпон бил писател, јавен говорник и пронаоѓач. Запаметен е по неговиот придонес за науката и книжевноста, и по подобрувањето на положбата на Аборичините и на луѓето од островите во Теснецот Торес.



Сер Џон Монаш (1865-1931)

Сер Џон Монаш бил инженер, управител и еден од најголемите воени команданти во Австралија. Запаметен е по неговото водство, интелигенција и говорнички способности..



Дама Нели Мелба (1861-1931)

Дама Нели Мелба била светски прочуен сопран. Позната ширум светот како„Кралица на песната“, таа била првата австралиска пејачка што се здобила со меѓународна слава.



Национални денови и прослави

Австралиските државни празници ги отсликуваат прославите и меѓниците во нашата историја по европското доселување.

Постојани датуми

- **Нова година, на 1 јануари,** го одбележува почетокот на новата година.
- **Денот на Австралија, на 26 јануари,** е време за размислување што значи да се биде Австралиец, за прославување на современа Австралија и за одавање почит на нашата заедничка историја. Тој датум го означува пристигнувањето на Првата флота во Сиднејскиот Залив во 1788 година.
- **Anzac Day, на 25 април,** ја означува годишнината од истоварувањето на австралиските и новозеландските воени сили (ANZAC) во Галиполе, за време на Првата светска војна. Тоа е возвишен ден кога се сеќаваме на пожртвуваноста на сите Австралијци кои се бореле и загинале во војни, воени судири и мировни операции. Исто така, тогаш им оддаваме почест на храброста и преданоста на сите мажи и жени во оружените сили, и размислуваме за различните значења на војната.
- **Божик, на 25 декември,** е ден за давање подароци, заснован на христијанското прославување на раѓањето на Исус Христос.
- **Boxing Day, на 26 декември,** е дел од славењето Божик.

Променливи датуми

- **На Денот на трудот (Labour Day)** или Денот на осум часа (Eight Hour Day) се прославува победата на австралиските работници за добивање на осумчасовен работен ден – прва во светот.
- **Велигден** го одбележува христијанското претставување на смртта и воскреснувањето на Исус Христос.
- **Роденденот на кралот** го слави раѓањето на шефот на државата на Австралија, кралот Чарлс III. Оваа прослава се одржува во вториот понеделник во јуни во секоја држава и територија освен Западна Австралија и Квинсленд.

Други државни празници

Други државни празници се празнуваат во различни држави, територии и градови. На пример, Австралиската Престолничка Територија го има Денот на Канбера, Јужна Австралија го има Денот на доброволците, а Западна Австралија го има Денот на основањето.

Други значајни датуми (не се државни празници)

- **Недела на хармонијата** се одржува во неделата во која паѓа 21 март и е славење на нашата културна разноличност.
- **Денот на австралиското државјанство на 17 септември** е ден кога ја прославуваме заедничката врска претставена со австралиското државјанство и размислуваме за улогата што ја играме во обликувањето на иднината на нашата земја.
- **Неделата на националното помирување од 27 мај до 3 јун** е недела во која се стремиме кон поправедна и порамноправна нација, промовирајќи единство и меѓусебно почитување.

Австралискиот народ

Австралија е едно од најразноликите општества во светот. Приближно три проценти од населението се идентификуваат како Аборицини и/или лица по потекло од островите во Теснецот Торес. Повеќе од една четвртина од жителите на Австралија се родени во странство и се доселиле од повеќе од 200 земји. Разноликоста на населението и` дава на Австралија богатство од разни јазици, верувања, традиции и култури.

Како членка на Комонвелтот на Нациите, Австралија сеуште има тесни врски со Обединетото Кралство.

Австралиските луѓе се гордеат со австралиското државјанство кое е значајна обединувачка врска во нашето разнолично општество. Денот на австралиското државјанство се прославува на 17 септември секоја година. Тоа е ден кога сите австралиски државјани размислуваат за улогата што ја играме во градењето на нашата нација и обликувањето на иднината на нашата земја.

Австралиско стопанство

Австралија има стабилно и конкурентно стопанство, и ја цени својата динамична и квалификувана работна сила. Квалитетот на животот што го уживаат луѓето во Австралија е еден од највисоките на светот.

Дик Смит (роден во 1944)

Дик Смит е водечки австралиски бизнисмен, авантурист и филантроп. Се збогатил во бизнисот со електроника и го користел своето богатство за да ја унапредува Австралија. Тој основал целосно австралиска прехранбена компанија и вложил милиони долари за да помогне компаниите да останат во австралиска сопственост.

Бил прогласен за Австралиец на годината во 1986 година и добил награда за техничко унапредување и заштита на животната средина. Бил првиот човек кој прелетал преку Австралија и Тасманиското Море во балон. Познат е по неговиот авантуристички дух, деловен успех и патриотизам.



Пазар

Австралиските стабилни и современи финансиски институции, и даночни и трговски прописи, даваат сигурност за деловни активности. Услужната индустрија, вклучувајќи ги туризмот, образованието и финансиските услуги, создава значаен дел од бруто домашниот производ на Австралија.

Нејзината економска стабилност ја прави Австралија привлечна цел за вложувања. Австралиската берза на хартии од вредност е една од најголемите во азиско-пацифичкиот регион.

Трговија

Најголемите трговски партнери на Австралија се Кина, Јапонија, Соединетите Американски Држави, Јужна Кореја, Сингапур, Индија, Нов Зеланд и Велика Британија. Австралиски главни извозни суровини се јагленот, железната руда и природниот гас, како и образованието и туристичките услуги. Економијата е отворена, а трговијата отсекогаш била многу важен дел од австралискиот економски напредок.

Рударство

Австралија е богата со природни богатства како што се јаглен, бакар, течен природен гас и минерални песоци. Тие се многу барани ширум светот.

Австралија како граѓанин на светот

Австралија се гордее со својата улога на добар светски граѓанин. Австралијците го покажуваат тоа помагајќи им на оние што се помалку среќни од нас ширум светот.

Австралиска меѓународна помош и хуманитарни напори

Програмата за меѓународна помош на австралиската влада ги поддржува земјите во развој да ја намалат сиромаштијата и да постигнат одржлив развој. Ние пружаме таква поддршка во нашиот регион и ширум светот, помагајќи им на луѓето и на владите.

Австралијците покажуваат голема великодушност кога се случуваат несреќи во нашата земја или во странство. Исто така, редовно доделуваме донации во земјите во коишто има постојано страдање, преку лични донации и австралиската програма за помош.

Во 2018 година, доктор Ричард Харис и доктор Крејг Чален беа одликувани со вториот по ранг австралиски орден за храброст Ѕвездата за храброст, покрај Медалот на Орденот на Австралија (OAM), за нивните напори во спасувањето на 12 тинејџери и нивниот фудбалски тренер од еден поплавен систем на пештери во Тајланд.

Активно учество на Австралија во меѓународни форуми

Австралија е активна членка на Обединетите нации уште од нивното основање во 1945 година. Австралија им пружа заштита на луѓето кои се идентификувани како бегалци според Конвенцијата за бегалци на ОН од 1951 година. Таа исто така придонесува во напорите на ОН во мировни операции и хуманитарните и итни акции за помош на земјите во развој, има големо учество во Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура.

Во 1971 година, Австралија стана полноправна членка на Организацијата за економска соработка и развој (OECD). OECD се стреми да ја подобри економската и општествената добросостојба на луѓето ширум светот, низ проширување на меѓународната трговија.

Австралија силно ја поддржува потесната соработка во азиско-пацифичкиот регион. Австралија е активен член на Азиско-пацифичката економска соработка, Источноазискиот самит и на Форумот на пацифичките острови. Таа е партнер во дијалогот на Здружението на државите на Југоисточна Азија и учествува во неговиот регионален форум.

Д-р Кетрин Хемлин AC (1924–2020)

Д-р Кетри Хемлин била гинеколог, позната според спасувањето на млади етиопски жени од живот исполнет со страдање. Од 1959 година Д-р Хемлин работела во Адис Абеба во Етиопија, помагајќи им на жените со повреда при породување позната како 'акушерска фистула'. Жените со таа внатрешна повреда не можат да ги контролираат телесните функции и остануваат понижени и отфрлени од нивните заедници.

Д-р Хемлин и нејзиниот сопруг ја основале Болницата за фистула во Адис Абеба. Нивните напори значеле дека илјадници жени можат да се вратат дома и да водат целосен и здрав живот.

Во 1995 година, Д-р Кетрин Хамлин била прогласена за Придружник на Орденот на Австралија, највисокото австралиско одликување.



Австралиски нобеловци

Австралија е позната по научните и медицинските истражувања. Овие Австралијци добиле Нобелова награда во следните области.

- ## Професор Вилијам Браг (1862-1942) и Лоренс Браг (1890-1971), физичари
  Вилијам Браг (таткото) и Лоренс Браг (синот) заеднички ја добиле Нобеловата награда за физика во 1915 година, „за нивната работа во анализата на кристалната структура со помош на рентгенски зраци".

- ## Сер Хауард Волтер Флори (1898–1968), патолог
  Роден во Аделајд, Јужна Австралија, Хауард Флори ја добил Нобеловата награда за физиологија или медицина во 1945 година (заеднички) „за откривањето на пеницилинот и на неговите лековити дејства кај разни заразни болести".

- ## Сер Френк Макферлејн Барнет (1899–1985), медицински научник и биолог
  Роден во Викторија, Френк Барнет ја добил Нобеловата награда за физиологија или медицина во 1960 година (заеднички) „за откривање на стекнатата имунолошка толеранција".

- ## Сер Џон Кери Еклес (1903-97), физиолог
  Џон Еклес се родил во Мелбурн, а ја добил Нобеловата награда за физиологија или медицина во 1963 година (заеднички) „за откритијата во врска со јонските механизми вклучени во возбудувањето и инхибирањето на периферните и централните делови од мембраната на нервната клетка".

- ## Сер Бернард Кац (1911–2003), физичар и биофизичар
  Роден во Германија, Бернард Кац станал австралиски државјанин во 1941 година. Тој ја добил Нобеловата награда за физиологија или медицина во 1970 година за „откритија во врска со хуморалните преносители во нервните завршетоци и механизмот за нивно складирање, испуштање и деактивирање".

- ## Професор Џон Воркап Корнфорт (1917–2007), хемичар
  Џон Корнфорт се родил во Сиднеј, а ја добил Нобеловата награда за хемија во 1975 година (заеднички) „за неговата работа во областа на стереохемијата на ензимски поттикнатите реакции".

- ## Професор Питер Дохери (роден во 1940 година), имунолог
  Питер Дохерти е роден во Квинсленд, а ја добил Нобеловата награда за физиологија или медицина во 1996 година (заеднички) „за откритија поврзани со специфичноста на имунолошката одбрана што се пренесува преку клетките".

- ## Професор Бери Маршал (роден во 1951 година), гастроентеролог, и Д-р Робин Ворен (роден во 1937 година), патолог
  Бери Маршал и Робин Ворен заеднички ја добија Нобеловата награда за физиологија или медицина во 2005 година за нивното откривање на „бактеријата хеликобактер пилори и на нејзината улога при гастритисот и чирот на желудникот".

- ## Професор Елизабет Хелен Блекбурн (родена во 1948 година), биолог
  Елизабет Блекбурн е родена во Хобарт и ја доби Нобелова награда за физиологија или медицина во 2009 година (заеднички) „за откритието како хромозомите се заштитуваат со теломери и енземска теломераза".

- ## Професорот Брајан П. Шмит (роден во 1967 година), астроном
  Брајан П. Шмит ја доби Нобеловата награда за физика (заеднички) за „окривањето на забрзаното ширење на вселената преку посматрање на далечни супернови".

Овој Австралиец ја добил Нобеловата награда за литература

- ## Патрик Вајт (1912–1990), романописец и сценарист
  Роден во Лондон од австралиски родители, Патрик Вајт ја добил Нобеловата награда за литература во 1973 година „за една епска и психолошка раскажувачка уметност која воведе нов континент во книжевноста".



ШЕСТТИ ДЕЛ

Нашата австралиска приказна

Нашата австралиска приказна

Приказната на Австралија е обликувана од многу луѓе и настани.

Абориџински народи и народи од островите во Теснецот Торес

Први жители на Австралија биле абориџинските народи и народите од островите во Теснецот Торес, кои имаат најдолги култури и традиции во светот.

Археолошките наоди посочуваат дека абориџинските народи пристигнале во Австралија пред 65.000 до 40.000. Меѓутоа, абориџинските народи веруваат дека тие се во центарот на приказната за создавањето на оваа земја и нивните приказни за создавањето почнуваат со почетокот на времето.

Абориџинските народи и народите од островите во Теснецот Торес имаат прастари верувања и традиции од кои се раководат и денес. Тие се длабоко врзани за земјата и тоа е изразено во нивните приказни, уметност и танци.

Јазици

Пред британското доселување, абориџинските народи и народите од островите во Теснецот Торес зборувале на повеќе од 700 јазици и наречја. Повеќе од 100 од тие јазици сеуште се користат денес, иако помалку од дваесет се пренесуваат на децата. Усните преданија на домородните култури се исклучително важни бидејќи раскажуваат за луѓето и за земјата.

Сонување

„Сонување“ е западен израз што често се користи за да се опише системот на знаење, вера и практика од кој се раководи животот на Абориџините.

Приказните од Сонувањето им биле раскажувани на децата од страна на нивните родители и од постарите луѓе. Тие приказни ги учеле децата како настанала нивната земја и како била населена. Приказните исто така им давале на децата вредни практични поуки, на пример, каде да најдат храна во дивина.

Приказните од Сонувањето се раскажуваат низ музика, песни и танци. Кога Абориџините и луѓето од островите во Теснецот Торес пеат и танцуваат, тие чувствуваат многу длабока поврзаност со нивните предци.

Изворните облици на домородна уметност се длабење или сликање на карпи или цртање на почва. Луѓето од Централна Австралија типично создавале ликовна уметност со користење на точки, кругови и специфични културни симболи за да ја претстават земјата или приказните од Сонувањето, додека тие од северните делови на Австралија сликале фигури на луѓе, животни, симболи и духови.

Сонувањето продолжува да биде значајно за денешните домородни луѓе.



Абориџинска уметност

Првите Европејци во Австралија

Раното европско истражување

Во 17-иот век, европските истражувачи откриле делови од она што тие го нарекле 'Terra Australis Incognita' - непозната јужна земја. Во 1606 година, еден Холанѓанец - Вилијам Јансон, ја нацртал картата на западната страна од полуостровот Кејп Јорк на северниот врв на Австралија. Приближно во истото време, брод од Шпанија управуван од Луис Ваез де Торес пропловил низ теснецот северно од Австралија.

Подоцна во 17-иот век, холандските морепловци го истражиле брегот на Западна Австралија и го нарекле „Нова Холандија".

Во 1642, Абел Тасман го открил брегот на нова земја што ја нарекол „Земја на Ван Димен" (денешна Тасманија). Тој исто така исцртал илјадници милји од австралиското крајбрежје. Неговата непотполна карта на Нова Холандија покажува дека тој верувал дека тоа копно е поврзано со Папуа Нова Гвинеја на север.

Вилијам Дампиер бил првиот Англичанец што стапнал на австралиското копно. Во 1684 година тој се истоварил на северозападниот брег. Земјата била сува и прашлива, па тој сметал дека е безвредна за трговија или населување.



Картата на Нова Холандија на Абел Тасман (Abel Tasman), 1644 г.

Капетан Џејмс Кук

Додека Англичанецот Џејмс Кук не дошол на источниот брег на Австралија во 1770 година, тој дел бил неистражен од Европјаните. Кук бил испратен од британската влада на патување за истражување на Јужен Пацифик. Тој исцртал карта на источниот брег и со бродот „Ендевор" се истоварил во Заливот Ботани, малку појужно од денешен Сиднеј. Џејмс Кук ја нарекол таа земја „Нов Јужен Велс" и ја прогласил за сопственост на кралот Џорџ Трети.

Депортирањето на осудениците

Австралија е типична по тоа што мнозинството нејзини први европски доселеници биле осуденици. Откако Соединетите Американски Држави се здобиле со независност, Велика Британија веќе не можела таму да ги праќа своите осуденици. Во 1786 година, Велика Британија одлучила некои од нејзините осуденици да ги испрати во новата колонија Нов Јужен Велс.

Првата колонија

Прв гувернер на колонијата Нов Јужен Велс бил капетанот Артур Филип. Тој ја довел „Првата фота" од 11 брода безбедно од Британија до другиот крај на светот, и се истоварил во Сиднејскиот Залив на 26 јануари 1788 година. На годишнината од тој датум, секоја година го славиме Денот на Австралија.

Раните години од населувањето

Раните години од населувањето биле многу тешки. За да обезбеди луѓето да не умираат од глад, гувернерот Филип на сите им определил исто следување храна, вклучувајќи за него и неговите офицери. Неговиот здрав разум и решителноста помогнале колонијата да ги преживее тие тешки први години.

Затворениците напорно работеле во времето на раното доселување. Осудениците што ја отслужиле казната станувале слободни луѓе и се преселувале во заедницата за да работат и создаваат семејства.



Првата флота испловила од Британија и пристигнала во Сиднејскиот Залив во 1788 година

Нови можности

Првото европско население на Австралија било составено главно од Англичани, Шкоти, Велшани и Ирци. Шкотите, Велшаните и Ирците често војувале со Англичаните, но во Австралија овие четири групи живееле и тесно соработувале.

Осудениците и бившите осуденици почнале да наоѓаат нови можности во колонијата. Некои од бившите осуденици отвориле свои бизниси како трговци. Други добро се снашле како фармери, занаетчии, дуќанџии и кафеанџии.

Керолајн Чизхолм (1808-1877)

Керолајн Чизхолм била водечки општествен реформатор која ја подобрила ситуацијата на немажените жени во првите колонии. Таа дошла во Австралија во 1838 година со сопругот, кој бил офицер, и со пет деца. Таа им помагала на доселеничките кои живееле на улиците на Сиднеј. Во рок од неколку години таа основала 16 хостели за жени доселенички ширум целата колонија.

Керолајн напорно работела за да го подобри животот на бродовите за луѓето што патувале кон колониите. Таа исто така организирала кредитен план за сиромашните луѓе за да помогне да се прекине кругот на зависност и сиромаштија.

Денес голем училишта во Австралија го носат името на Керолајн Чизхолм. Таа била позната како „пријателка на доселениците“ и запаметена според нејзините неуморни напори да им помогне на луѓето да отпочнат нов живот.



Гувернерот Маквори

Заедно со гувернерот Филип, гувернерот Лаклан Маквори има значајно место во нашата рана историја. Тој управувал со колонијата Нов Јужен Велс од 1810 до 1821 година, развивајќи ја како слободна населба, а не како осуденичка колонија. Тој го подобрил начинот на обработување на фармите, изградил нови патишта и јавни објекти, и го поттикнал истражувањето на Австралија.

Гувернерот Маквори исто така вложил пари во образованието и ги почитувал правата на бившите осуденици. На некои бивши осуденици им дал работа како судии и државни службеници.

Гувернерот Маквори е признат во историјата поради позитивните промени што ги внел во колонијата. Универзитетот Маквори во Нов Јужен Велс го носи неговото име.

Осуденичко наследство

Се сметало дека функцијата на гувернер му давала премногу моќ на еден човек, па затоа во 1823 година бил основан Законодавниот совет на Нов Јужен Велс, за да го советува следниот гувернер и ја реформира колонијата.

Велика Британија престанала да праќа осуденици во Нов Јужен Велс во 1840 година, во Тасманија во 1852 година, а во Западна Австралија во 1868 година. Вкупно, над 160.000 осуденици биле депортирани во Австралија. Поделбите меѓу бившите осуденици и доселениците постепено исчезнале. Од педесеттите години на 19-иот век, колонистите управувале сами со себе и сакале да изградат општества достојни за почит. Голем број Австралијци се гордеат со нивното осуденичко потекло.

Абориџинските народи и народите од островите во Теснецот Торес по доселувањето на Европјаните

Се проценува дека на почетокот на населувањето на Европејците во Австралија имало меѓу 750.000 и 1,4 милиони Абориџини и луѓе од островите во Теснецот Торес. Во овие бројки спаѓале околу 250 посебни народи и над 700 јазични групи.

Кога формирале колонии во Австралија, британските власти не направиле спогодба со абориџинските народи. Британските власти верувале дека имаат легално право да ја заземат земјата.

Абориџините и луѓето од островите во Теснецот Торес имале свои економии и древна поврзаност со земјата. Таму каде што некогаш живееле под сопствена управа, сега биле присилени да ги прифатат законите на новодојдените. Новодојдените не биле поканети и, општо земено, не биле ни добредојдени.

Со доаѓањето на британските колонисти, животот на Абориџините и на луѓето од островите во Теснецот Торес бил темелно променет. Како што колонизаторите се обидувале да наметнат нови општествени, економски и верски правила, животи се губеле и земја била одземана. Биле воведени нови животни, растенија и болести.

На првите гувернери им било кажано да не ги повредуваат домородните луѓе, но британските доселеници се населувале на абориџинска земја и голем број Абориџини биле убиени. Доселениците обично не биле казнувани за таквите злодела.

Некои Абориџини и Европејци можеле мирољубиво да живеат едни со други. Некои доселеници ги вработувале Абориџините на фармите за овци и говеда. Гувернерот Маквори им понудил на Абориџините нивна сопствена земја за да ја обработуваат и основал училиште за абориџинските деца. Меѓутоа, само малкумина Абориџини сакале да живеат на начинот на кој што живееле доселениците, затоа што не сакале да ги загубат нивните културни традиции.

Голем број Абориџини биле убиени во битките околу земја. Иако точниот број е непознат, се проценува дека загинале стотици илјади Абориџини. Уште поголем број Абориџини умреле од болестите што Европејците ги донеле во земјата. Бројот на мртви Абориџини бил катастрофален.

Клучни историски настани

Истражување на внатрешноста на земјата

Раните колонисти во Нов Јужен Велс се соочувале со огромни тешкотии. Абориџините и луѓето од островите во Теснецот Торес научиле да се снаоѓаат и да живеат во таа сушна средина, иако и тие страдале во сушните времиња.

Сините Планини (околу 50 километри западно од Сиднеј) претставувале голем предизвик за првите сиднејски истражувачи на внатрешноста. Во 1813 година, тројца мажи - Грегори Блаксленд, Вилијан Чарлс Вентворд и Вилијам Лосон - конечно успеале да преминат преку тој планински венец. Денес, патот и железничката линија преку Сините Планини сеуште ја следат патеката по која тие поминале.

Од другата страна на тие планини истражувачите откриле рамница што била погодна за одгледување овци и говеда. Меѓутоа, потаму во внатрешноста тие наишле на суви пустински предели.

Европските истражувачи имале проблем да најдат вода и да носат доволно храна за да преживеат. Истражувачот од германско потекло Лудвиг Лајхарт исчезнал додека се обидувал да го мине континентот од исток кон запад во 1848 година.

Во 1860 година, Роберт О'Хара Бурк и Вилијам Џон Вилс тргнале од Мелбурн да ја преминат Австралија од југ кон север. Тие воделе голема експедиција, но нивното патување било многу тешко. Берк и Вилс не биле искусни во дивината. Добивале стручна помош од абориџинскиот народ Јандруванда, но двајцата истражувачи умреле при враќањето. Иако не успеале да ја завршат експедицијата, нивната приказна останала запаметена во уметноста и книжевноста. Тие се трагичен пример за суровоста на нашата земја.



Доселеници и пионери

Дури и кога доселениците имале плодна земја, животот сеуште бил тежок. После периоди на поплава или суша, фармерите често морале сè да почнуваат од почеток. Меѓутоа, луѓето се соземале и продолжувале да се борат. Поимот „австралиски борец“ ('Aussie battler') го претставува австралискиот борбен дух и отпорност. Пионерите биле чествувани поради нивната храброст во текот на тие тешки времиња. Жените често морале да го продолжат бизнисот или работата на фармата кога мажите не биле дома или кога ќе умреле.

Во текот на тие тешки рани денови почнал да се гради австралискиот дух на другарство. Тој бил многу силен меѓу луѓето што патувале низ дивината, стрижејќи овци и терајќи добиток. Доселениците исто така си помагале меѓу себе во тешките времиња. Таа традиција сеуште е составен дел од австралискиот живот.

Златната треска


Откривањето на злато во Нов Јужен Велс во почетокот на 1851 година е опишувано како„откритие што ја променило нацијата“. Набрзо потоа злато било откриено и во Викторија, новата независна колонија.

До крајот на 1852 година, околу 90.000 луѓе допатувале во Викторија од сите краишта на Австралија и од целиот свет, во потрага по злато.

Бунтот Еурека е запаметен како голем демократски момент во историјата на Австралија. Владината војска била многу груба спрема копачите на злато, кога наплатувала такса за дозволата за копање злато. На 11 ноември 1854 година, околу 10.000 луѓе се собрале во Бејкери Хил, во Баларат, за да усвојат повелба за основните демократски права, вклучувајќи го укинувањето на скапите дозволи за копање злато и барањето да гласаат за свои претставници во викторискиот Парламент.

По тоа, утврдување од колци било изградено на наоѓалиштето на злато „Еурека“. Тука копачите положиле заклетва на бунтовничко знаме (со Јужниот Крст на него) дека ќе бидат солидарни и ќе се борат за нивните права и слободи. Утрото на 3 декември 1854 година, властите испратиле војници да го нападнат утврдувањето. По куса битка, копачите на злато биле совладани, а околу 30 од нив убиени.

Кога водачите на бунтовниците биле изведени на суд за велепредавство, ниедна порота не сакала да ги осуди. Една Кралска комисија утврдила дека виновни биле властите, па голем број од барањата на рударите биле исполнети, вклучувајќи го нивното барање за политичко претставување. Во рок од една година, Питер Лајлор, водачот на бунтовниците, станал член на Парламентот на Викторија.



Знамето Еурека

Со текот на годините, бунтот Еурека станал симбол на протести и верување во ‘fair go’.

Златната треска ја изменила Австралија на многу начини. Во годините на златната треска, бројот на недомородни жители на Австралија се зголемил од околу 430.000 во 1851 година, на 1,7 милиони во 1871. Во педесеттите години на 19-иот век биле изградени првите железници и телеграфи заради поврзување на сè помногубројното население.

Големи лежишта на злато биле откриени во сите колонии, освен во Јужна Австралија. Економијата цутела, а златото ја надминало волната како наш највреден извозен производ. Околу 1890 година Австралија имала еден од највисоките животни стандарди во светот.

„Сквотерите“ и фармерите

Во раните денови на колониите, луѓето познати како „сквотери“ зазеле големи површини земја за да се занимаваат со земјоделство. Иако немале платено за таа земја, „сквотерите“ ја сметале за своја. Откако завршиле првите налети на златната треска, властите имале тешкотии да ја земат назад земјата од „сквотерите“.

Во шеесеттите години на 19-иот век, властите сакале земјата што ја држеле „сквотерите“ да им ја продаде на работните луѓе и на нивните семејства, за да се занимаваат со земјоделство. Но, „сквотерите“ се обидувале да задржат колку што е можно повеќе земја за себе.

До изградбата на железничките линии, новите фармери чии фарми биле далеку од пазарите, се соочувале со тешка ситуација. Можноста да се заработат високи надници во градовите секогаш го правела непривлечен животот од земјоделие за мала заработувачка.

Австралиската традиција на пронаоѓање машини заради олеснување на земјоделските работи почнала во Јужна Австралија. На пример, плугот за вадење пенушки (во 1870-тите) овозможувал обраснатото земјиште лесно да бидет исчистено заради одгледување на посеви.

Доселувањето од почетокот на 19-иот век

На почетокот од 19-иот век, англиските, шкотските, велшките и ирските доселеници биле главните групи во колониите. Голем број австралиски видови на разонода, културни активности и верски обреди биле исти како во Велика Британија. Исто така, имало мали групи доселеници од Европа и Азија. Меѓу Европејците кои дошле во почетокот на 19-иот век имало Италијанци, Грци, Полјаци, Малтежани и Руси, како и француски доселеници кои работеле во винарската индустрија. Тоа предимно биле млади луѓе во потрага по работа и богатство, или морнари што дезертирале од нивните бродови.

По 1842 година, во Австралија почнале да пристигнуваат кинески доселеници и нивниот број пораснал по откривањето на злато. На наоѓалиштата на злато постоела расна затегнатост која понекогаш доведувала до безредија против Кинезите, како тие во Бендиго во 1854 година. Расната затегнатост довела до првите ограничувања на доселувањето во Викторија во 1855 година и во Нов Јужен Велс во 1861 година.

По златната треска во педесеттите години на 19-иот век, голем број Кинези се вратиле дома. Меѓу оние што останале биле кинеските градинари кои подрачјата каде што немало доволно вода ги снабдувале со многу потребното свежо овошје и зеленчук.

Од шеесеттите години на 19-иот век, луѓе од Иран, Египет и Турција почнале да доаѓаат за да работат со „возовите" од камили во внатрешноста на Австралија. Заедно со индиските камилари, тие биле нарекувани со општото име „Авганистанци", главно поради нивните слични облеки и исламската вероисповед што им била заедничка. Тие камилари се сметале за „пионери во внатрешноста".

Исто така имало Индијци и луѓе од пацифичките острови, кои работеле во индустриите за шеќер и банани во Квинсленд, често за многу мали плати и во лоши услови.

Од осумдесеттите години на 19-иот век, во Австралија почнале да доаѓаат работници од Либан. Голем број од нив биле ангажирани во текстилната индустрија и конфекцијата, а либанските семејства ги поседувале мнозинството продавници за ткаенини во внатрешноста на Австралија.



„Авганистански" камилари во внатрешноста на Австралија

Аборицински резервати

По првичните битки околу земјата меѓу аборицинските народи и доселениците, Аборицините биле присилени да живеат на работ од општеството. Некои работеле на фармите за овци и говеда во внатрешноста за многу ниски плати кои во многу случаи никогаш не биле исплатени. Колонијалните власти основале резервати каде што Аборицините можеле да живеат, но тие подрачја не им го дозволувале нивниот традиционален начин на живот. На пример, тие не биле слободни да ловат и да собираат храна како што сакаат.

Кон крајот на 19-иот век, колонијалните власти им ги одзеле правата на Аборицините и на луѓето од островите во Теснецот Торес. Властите контролирале каде Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес може да живеат и со кого можат да се женат или мажат. Властите одзеле голем број деца од нивните родители Аборициини и луѓе од островите во Теснецот Торес, и ги пратиле во „бели" семејства или државни сиропиталишта. Таквата политика се одржала до средината од 20-иот век. Прашањето на тие „украдени генерации" останува причина за голема тага за многумина Аборициини и луѓе од островите во Теснецот Торес, како и за други Австралијци, и беше предмет на национално извинување во австралискиот Парламент во 2008 година.

Право на глас

„Сифражетки" бил зборот што се користел ширум светот за жените што се бореле за правото да гласаат на избори. Во текот на осумдесеттите и деведесеттите години на 19-иот век, секоја колонија имала најмалку по едно здружение на сифражетки. Сифражетките собирале илјадници потписи на петиции што ги доставувале до нивните колонијални парламенти.

Жените во Јужна Австралија се изборile за право на глас и за кандидирање за парламентот во 1895 година. Жените во Западна Австралија се изборile за право на глас во 1899 година.

Во 1902 година, Австралија била првата земја во светот што им дала на жените право на глас и право да бидат избрани во Парламентот. На Аборицините и на луѓето од островите во Теснецот Торес правото на глас не им било дадено сè до 1962 година.

Едит Кован станала првата пратеничка кога во 1923 година била избрана во Парламентот на Западна Австралија. Во 1943 година, Инид Лајонс станала првата жена избрана во Парламентот на Австралија.

Кетрин Спенс (1825-1910)

Кетрин Спенсе била писателка, проповедник, феминистка и сифражетка. Во Австралија се доселила од Шкотска и пишувала учебници и наградувани романи за животот во Австралија.

Таа помогнала да се основа организација за помош на бездомните деца и поддржувала нови детски градинки и државни средни училишта за девојчиња.

Таа била првата жена што се кандидирала за членка во Парламентот. Иако добила голем број гласови, не успеала да стане пратеничка. Во 1891 година таа станала потпретседател на Женската сифражетска лига на Јужна Австралија.

Кетрин Спенс е симбол на она што може да го постигне една жена, дури и во ограничени услови.



Федерација

Колониите се развивале одвоено, но кон крајот на 19-иот век се развило заедничко чувство на национална припадност.

Кон крајот на 19-иот век биле направени два обида за обединување на колониите. Во 1889 година, сер Хенри Паркс упатил повик за формирање на една силна нова нација. Конференцијата за австралиско-азиска федерација била одржана во 1890 година за да се разговара за идејата за австралиска федерација.

По извесни одлагања, движењето за федерација зело замав во 1893 година. Гласачите ги избрале членовите на следното уставотворно собрание. Избирачите гласале во два референдумски круга за прифаќање на Уставот.

Британската влада се согласила Австралија да може да управува со себе. На 1 јануари 1901, Едмунд Бартон, кој го предводел движењето за федерација во Нов Јужен Велс, станал првиот премиер на Австралија. Неговата влада положила заклетва пред огромна маса народ во сиднејскиот Centennial Park.

Австралија сега била нација во склоп на Британската Империја. Таа не се здобила со целосна власт над одбраната и надворешните работи до 1931 година. До Законот за австралиско државјанство од 1948 година, Австралијците сеуште биле британски поданици, а не австралиски државјани. Иако националното чувство се зацврстило, чувството за припадност кон Британија сеуште било силно.



Денот на Федерацијата во Бризбејн, 1901 година

Едит Кауан (1861-1932)

Едит Кауан беше првата жена избрана во Парламентот на Австралија и нејзиниот лик е на австралиската банкнота од педесет долари.

Едит беше истакната во движењето за право на глас на жените и беше водечки застапник на јавното образование и правата на децата. Едит беше судија во 1915 и мировен судија во 1920 година. Во 1921, Едит беше избрана во Законодавното собрание на Западна Австралија и беше членка на Националистичката партија.



Раѓање на политичките партии

До осумдесеттите години на 19-иот век работниците во Австралија изградиле силни синдикати. Во времиња на економска криза и суша, тие синдикати организирале штрајкови за да ги заштитат платите и работните услови.

Во 1891 година тие работници формираа политичка партија - Лабуристичка партија (Labor Party). Нејзина главна преокупација била да се зголемат работничките плати и подобрат работните услови. Луѓето од средната класа живееле поудобно од работниците, ама имале разбирање за положбата на работниците. Биле формирани службени одбори за да се утврдат платите и за да се спречат штрајкови. Во 1907 година, Судот за помирување и посредување на Комонвелтот ја утврдил најниската плата на ниво на кое еден работник, сопругата и нивните три деца можеле да живее во скромна удобност.

Во 1910 година била формирана првата верзија на Либералната патија. Во текот на годините, таа партија имала многу имиња, меѓу кои и Националистичка партија и Партија на Обединета Австралија. Во 1944 година, Роберт Мензис ја формира Либералната партија каква што ја знаеме денес, и тој станал австралиски премиер со најдолг стаж на таа функција.

По Првата светска војна била формирана Селанската партија за да се бори за интересите на фармерите. Таа е сега е позната како Национална партија и обично дејствува во коалиција со Либералната партија.

Законот за ограничување на доселувањето од 1901 година

Политиката на „бела Австралија“ станала закон кога во декември 1901 година бил усвоен Законот за ограничување на доселувањето. Со тој закон на доселениците им се ограничувале можностите да работат во Австралија и било ограничено доселувањето на „не-бели“ луѓе.

Луѓето од неевропско потекло морале да полагаат испит со диктирање на 50 збора на некој од европските јазици. Членовите на Кинеската трговска комора, адвокатот Вилијам Ах Кет и водечки кинески бизнисмени, јавно протестирале, но не успеале да го изменат законот.

Доселениците од Европа биле истакнати во новата федеративна Австралија. Меѓутоа, културниот придонес на Кинезите, Индијците, луѓето од пацифичките острови и луѓето од Средниот Исток веќе бил дел од општествениот идентитет на Австралија.

Доротиа Макелар (1885-1968)

Доротиа Макелар е поетеса најдобро позната според нејзината песна *„Mojata zemja“*, првпат објавена во 1908 година, која го направи бесмртен стихот „Јас сакам една земја спржена од сонцето“. Нејзината поезија се смета за извонреден пример на поезија на внатрешноста, инспирирана од нејзиното искуство на фармите на нејзините браќа близу Ганида, во северозападниот дел на Нов Јужен Велс.

Во 1968 година, Доротиа беше прогласена за Офицер на Орденот на Британската Империја, за нејзиниот придонес за австралиската литература.



Прва светска војна (1914-1918)

Освен поситните битки меѓу доселениците и аборицинскиот народ, Австралија била впечатливо мирно општество. Тука немало граѓански војни, ниту револуции.

Генерации на Австралијци останале многу лојални на Британската Империја.

Како европска испостава близу Азија, Австралија низ историјата се чувствувала ранлива, особено откако Јапонија станала голема воена сила. Се потпиравме на Британската Империја и на нејзината поморска сила да ја бранат Австралија. Австралија се борела во двете светски војни за да ја одржи Британската Империја силна и за да се заштитиме себеси.

Австралија влегла во Првата светска војна во август 1914 година, и во 1915 учествувала во нападот врз Турција, сојузникот на Германија. На војниците од Австралиските и новозеландските воени сили (АНЗАК) им било наредено да нападнат еден посебен дел од Полуостровот Галиполе.

Тие требало да се искачуваат по стрмни карпи додека турските војници стрелале во нив. Некако тие успеале да се искачат на карпите и да се вкопаат, иако голем број млади луѓе загинале. Австралијците дома биле неизмерно горди поради храброста на АНЗАК силите.

По Галиполе, австралиските сили се бореле на Западниот фронт во Франција и Белгија. Таму го добиле името „копачи“ (diggers) затоа што минувале многу време копајќи и утврдувајќи ровови. Предводени од нивниот командант, генерал Џон Монаш, австралиските „копачи“ извојувале големи победи во последните битки против Германија.

Австралиските војници исто така служеле и на Блискиот Исток, учествувајќи во одбраната на Суецкиот Канал и во сојузничкото освојување на Синајскиот Полуостров и Палестина.

Симпсон и неговото магаре – Џон Симпсон Киркпатрик (1892–1915)

Војникот Џон Симпсон служел во Галиполе во санитетските единици како носач на носила. Било тешко да се носат носилата преку ридови и долини. Спротивно на наредбите, тој го користел магарето Дафи при пренесувањето на ранетите војници на безбедно место.

Дење и ноќе, од час во час, Симпсон и неговото магаре ги ризикувале животите патувајќи меѓу боиштето и логорот на морскиот брег.

Војникот Џон Симпсон стигнал на Галиполе на 25 прил 2015. Загинал само четири недели подоцна од непријателски митролески оган. Војниците во логорот на морскиот брег гледале со нема тага како Дафи, сеуште носејќи еден повреден војник, чекори накај брегот без неговиот млад господар покрај него. Џон Симпсон Киркпатрик е австралиска легенда.





Легендата за Анзак

Традицијата на Анзак била искована на 25 април 1915 година на Полуостровот Галиполе во Турција.

Истоварувањето во Галиполе на 25 април 1915 година го означило почетокот на воениот поход што траел осум месеци и во кој имало повеќе од 26.000 австралиски жртви, вклучувајќи 8.000 загинати или умрени од болести. Храброста и духот на тие кои служеле на Полуостровот Галиполе прераснале во легенда, а зборот „Анзак“ станал дел од австралискиот и новозеландскиот јазик.

На 25 април 1916 година, Австралија, Нов Зеланд, Англија и единиците во Египет ја одбележале првата годишнина на истоварувањето. Од тогаш па до денес 25 април е познат како Anzac Day.

До 1920 година, свеченостите по повод Anzac Day се одржувале ширум цела Австралија, а државите го прогласиле Anzac Day за државен празник.

Во главните градови биле изградени големи воени споменици, а спомениците во градовите и населбите ширум целата земја се оддавање признание на младите мажи и жени кои загинале во тој и во подоцнешните воени судири.

Anzac Day е сега ден кога им оддаваме почест на сите оние што се бореле во војни, вооружени судири и мировни операции, и на нивното другарство, истрајност при соочувањето со тешкотии и жртвувања што ги направила за нашата иднина. Исто така тоа е ден за размислување за многуте значења на војната.

Денес Anzac Day се одбележува во Австралија и ширум целиот свет. Преживеани австралиски воени лица, мажи и жени, учесници во мировни операции и ветерани од други земји, заедно и гордо маршираат на паради по повод Anzac Day.

Големата депресија (1929-1932)

Големата економска депресија била период на исклучително тешко живеење за луѓето во Австралија. Таа почнала истовремено со колапсот на њујоршката берза во октомври 1929 година. Меѓу факторите што придонеле за депресијата во Австралија биле падот на цените на австралиските суровини и индустриските безредија кога работодавците ги скастриле работните места и платите. До средината на 1932 година, речиси 32 проценти од Австралијците останале без работа.

Влијанието на економската депресија врз австралиското општество било уништувачко. Без работа и сигурен приход, многу луѓе ги загубиле домовите. Тие биле принудени да живеат во набрзина склепани засолништа без греење или хигиенски услови. Некои татковци ги напуштале семејствата или се оддавале на алкохолот. Голем број работнички деца престанале да одат во училиште на 13 или 14 години. Многу жени работеле најтешки работи и сами се грижеле за нивните деца и домови.

Во времето што претходело на кризата, владата немала централна програма за невработеност. Освен на добротворни установи и на некои приватни организации, сиромашните луѓе морале да се потпрат на јавни работи и проекти за вработување. Економијата почнала да се подобрува во 1932 година, но во многу случаи штетата нанесена на семејствата не можела да се поправи.

Во текот на големата економска криза, виталната улога на австралиските добротворни организации и на доброволците дошла до особен израз.



Народна кујна во текот на големата економска криза

Сер Чарлс Кингсфорд Смит (1897–1935)

Сер Чарлс Кингсфорд Смит бил еден од првите австралиски авијатичари. Во Првата светска војна, Чарлс Кингсфорд Смит се борел на Галиполе и летал во редовите на британското Кралско воено воздухопловство.

Неговиот најголем подвиг било тоа што го направил првото прелетување на Тихиот Океан од Калифорнија до Квинсленд во 1928 година. Кога неговиот авион „Јужен Крст" пристигнал во Австралија, 25.000 восхитени луѓе го поздравиле нивниот херој „Смити". Во 1932 година, тој бил прогласен за витез поради заслугите за воздухопловството.

Во 1935 година, тој трагично се урнал со неговиот авион додека летал од Англија за Австралија и никогаш не бил најден.

Сер Чарлс Кингсфорд Смит бил прогласуван за најголем авијатичар на светот и е запаметен по тоа што на луѓето, среде депресијата, им дал пример на вистински австралиски херој на кој можеле да се угледаат.



Втора светска војна (1939-1945)

Во Втората светска војна Австралија се борела во редовите на сојузниците против Германија во Европа, Медитеранот и во Северна Африка. Таа исто така се борела против Јапонија во Југоисточна Азија и во Пацификот.

Во пустините на Северна Африка, австралиските трупи ја издржале долгата германска и италијанска опсада на градот Тобрук, последната одбрана против походот на Германците кон Египет. Долги осум месеци тие војници (главно Австралијци) ги издржувале жестоките напади и тешките услови, живеејќи во пештери и пукнатини. Нивната решителност, храброст и хумор, комбинирани со агресивната тактика на нивните команданти, станале извор на инспирација во текот на едни од најмрачните денови на војната. Со тоа, тие се здобиле со трајна слава како „стаорците од Тобрук".



Ранет војник на патеката Кокода на кој му помага папуански носач

Во 1941 година Јапонија започнала војна во Тихиот Океан. Австралиските војници, мажи и жени, пошле во одбрана на Папуа Нова Гвинеја. Таа задача им била доверена на редовни војници и на млади регрути кои биле слабо обучени. Тие се бореле со непријателот во џунглата, на стрмна, каллива патека позната како Патеката Кокода. Австралиските трупи го запреле јапонското напредување. Како Анзак Ков во Галиполе, Патеката Кокода станала место за аџилак за некои Австралијци.

Во 1942 година, Јапонците ја зазеле британската база во Сингапур. Околу 15.000 австралиски војници се наоѓале меѓу оние што биле заробени и одведени да работат на изградбата на железничката пруга Тајланд-Бурма. За време на изградбата, голем број австралиски војници биле изложени на окрутно однесување од страна на Јапонците. Иако австралиските воени заробеници се труделе колку што можат да се грижат едни за други, таму умреле повеќе од 2.700 австралиски воени заробеници.

Сер Едвард „Вери" Данлоп (1907–1993)

Сер Едвард „Вери" Данлоп беше храбар и пожртвуван хирург, и австралиски воен херој. За време на Втората светска војна тој бил заробен од Јапонците и одведен во Бурма за да работи на железничката пруга меѓу Тајланд и Бурма. Тоа била многу макотрпна работа.

Како командант, „Вири" истапувал од името на неговите луѓе, а како нивен хирург, минувал долги часови лекувајќи ги. Бил измачуван во логорот, но тврдоглаво продолжувал да ја работи својата работа.

Во 1969 година, бил прогласен за витез за неговите придонеси за медицината. Кога умрел, повеќе од 10.000 луѓе излегле на улиците на Мелбурн на државниот погреб на херојот што го викале „хирургот од пругата".



Други конфликти

Наскоро по Втората светска војна, австралиските оружени сили биле пратени како дел од мултинационалните сили на Обединетите нации да ја бранат Јужна Кореја од комунистичките сили од север.

Набргу потоа, Австралија им се придружила на Соединетите Американски Држави во поддршката на јужновиетнамската влада против виетнамските комунистички сили кои сакале да ја обединат земјата. Виетнамската војна останува најголемиот ангажман на австралиските оружени сили по Втората светска војна. Траејќи од 1962 до 1973 година, тоа беше во тоа време најдолгата војна во која Австралија се борела. Тоа била контроверзна вмешаност, поради што голем број Австралијци излегле на демонстрации, особено против регрутирањето на млади Австралијци заради праќање во војна.

Австралиските одбранбени сили исто така биле вклучени во конфликти во Источен Тимор, Ирак, Судан и Авганистан, а учествувале и во мировните операции на Обединетите нации во многу краишта на светот, вклучувајќи Африка, Средниот Исток и азиско-пацифичкиот регион.

Денот на сеќавањето

Покрај на Anzac Day, Австралијците се сеќаваат на тие што се бореле и загинале во војни и на Денот на сеќавањето (Remembrance Day). Во 11 часот предпладне на 11 ноември (11-иот месец) секоја година, Австралијците запираат за да се сетат на жртвата што ја положиле мажите и жените кои умреле или страдале во војни и воени судири, како и на оние што се бореле во нив. На тој ден носиме црвена булка.

Доселувањето од почетокот на 20-иот век

Во периодот меѓу Првата и Втората светска војна останале на сила ограничувањата за влегување во Австралија. Меѓутоа, имало пораст на доселувањето на луѓе, особено мажи, од јужна Европа. Тие со себе донеле способности, образование и сопствени културни вредности. Тие помогнале да се развијат селски индустрии во Австралија и да се изградат патишта и пруги. Вештите италијански каменоресци дале значителен придонес во изградбата на јавни згради и живеалишта.

При крајот на триесеттите години од 20-иот век, од Европа почнале да пристигнуваат еврејски бегалци. Тие бегале од заканите во нацистичка Германија. Тие доаѓале од Германија, Австрија, Чехословакија, Унгарија и Полска. Многумина од нив биле високообразовани и многу придонеле во австралискиот економски и културен живот.



Европски доселеник пристига во Австралија

Околу 18.000 италијански војници заробени во Втората светска војна, биле држани во логорите за воени заробеници во Австралија. Тие останале само кусо време во логорите, но односот кон нив бил праведен и многумина научиле за земјата и луѓето. По војната, многумина се вратиле во Австралија како доселеници.

Повоени бегалци

По војната, Австралија го поттикнувала доселувањето од други европски земји, за да го зголеми населението. Милиони луѓе избегале од нацистичка Германија или не можеле да се вратат во нивните татковини окупирани од Советска Русија. Околу 170.000 од тие раселени лица биле прифатени во Австралија за да почнат нов живот.

Во Австралија имало голем недостиг на работна сила. Владата во тоа време верувала дека порастот на населението е од суштинска важност за иднината на земјата. Здравите возрасни доселеници помлади од 45 години можеле да допатуваат во Австралија за 10 фунти, а нивните деца можеле да патуваат бесплатно. Доселеници, меѓутоа, и натаму можеа да бидат само ако се од британска или европска националност.



Хидроелектрична програма Снежни Планини

Во 1949 година, владата ја започнала работата на една смела програма чија цел била водите од реката Snowy River да се задржат пред да се влеат во морето во источна Викторија. Тие води биле пренасочени кон наводнување на копното и кон производство на електрична енергија. Тоа бил огромен проект кој се работел 25 години.

Тоа е најголемиот инженерски проект во Австралија. Тоа е исто така една од најголемите хидроелектрични програми на светот и е призната како едно од современите светски градежни чуда.

Програмата Снежни Планини е лоцирана во Националниот парк Кошчушко, Нов Јужен Велс. Таа се состои од 16 големи брани, седум хидроцентрали, пумпна станица и 225 километри тунели, цевоводи и аквадукти. Поголемиот дел од нив се под земја.

Со програмата се снабдуваат со драгоцена вода фармите во внатрешноста на Нов Јужен Велс и Викторија. Хидроцентралите исто така произведуваат до 10 проценти од електрична енергија за Нов Јужен Велс.

Работата на програмата почнала во 1949 г., а била завршена во 1974 г. На проектот работеле повеќе од 100.000 луѓе од над 30 земји. Седумдесет проценти од тие работници биле доселеници. Кога проектот бил завршен, повеќето европски работници останале да живеат во Австралија, давајќи значаен придонес на австралиското мултикултурно општество.

Програмата Снежни Планини е значаен симбол на австралискиот идентитет како независна, мултикултурна земја со многу богатства.

Третманот на аборицинските народи и на народите од островите во Теснецот Торес

Во четириесеттите и педесеттите години од 20-иот век, односот на австралиската влада спрема Аборицините и луѓето по потекло од островите во Теснецот Торес бил асимилаторски. Тоа значело дека на Аборицините и на луѓето од островите во Теснецот Торес им било речено да живеат како што живее недомородното население. Тоа не успеало, бидејќи тие не сакале да ги загубат нивните традиционални култури.

Во шеесеттите години на 20-иот век, политиката се променила во политика на вклучување. Повеќето луѓе во Австралија добиле право на глас во педесеттите години од 19-иот век, но правото на глас на ниво на Комонвелтот не било проширено на сите Аборицини сè до 1962 година. Како дел на тоа вклучување, на Аборицините им биле дадени граѓански слободи, но од нив сеуште се очекувало да се приспособат на недомородната австралиска култура.

Во 1967 година, повеќе од 90 проценти од Австралијците гласале „да" на историскиот референдум со кој било дозволено Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес да бидат попишани на австралискиот петгодишен попис на населението и домувањето. Тоа покажал дека, во тоа време, големо мнозинство Австралијци мислеле дека на Аборицините и на луѓето од островите во Теснецот Торес треба да им се дадат истите права како на сите други.

Ова проширување на општествените вредности и енергичните протести на Аборицините довеле до воведување на самоопределувањето како клучен водечки принцип за креирање политики во врска со Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес. Владата ја признала важноста на тоа Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес да решаваат за нивниот политички, економски, општествен и културен развој.

Протестите во врска со правата на земја го привлекла вниманието на јавноста во шеесеттите години на 20-иот век, со штрајкот Гуринџи на сточарската фарма Вејв Хил во Северната Територија. Аборицинските сточари, предводени од Винсент Линџиари, ја напуштиле работата на сточарската фарма, протестирајќи околу платите и работните услови. Нивната акција им отворила пат на Еди Мабо и на други да се борат за права врз земјата.

Според Законот за аборицински права над земјата (Северна Територија) од 1976 година, на Аборицините им биле доделени земјишни површини во внатрешноста на Австралија. Во почетокот на деведесеттите години, со одлука на Врховниот суд во врска со случајот Мабо и *Законот за домородна сопственост над земјата од 1993* било признато дека Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес имаат права на земја врз основа на нивните традиционални закони и обичаи.

Сè поголем дел од Австралија е покриен со одлуки за домородна сопственост. Во тие области остануваат аспекти на традиционалното општество.

Во мај 1997 година, извештајот „Враќајќи ги дома" бил поднесен во австралискиот Парламент. Извештајот бил резултат на истрагата во врска со одземањето на голем број аборицински деца и деца од островите во Теснецот Торес од нивните семејства. Тие деца станале познати како „украдени генерации". Како резултат од извештајот, илјадници Австралијци изразија поддршка за нивните домородни сонародници Австралијци така што заедно маршираа на првиот национален „Ден на извинувањето" во 1998 година.

Национално извинување на Украдените генерации (2008)

На 13 февруари 2008 година, австралискиот премиер изјави национално извинување на Украдените генерации во австралискиот Парламент, од името на сите Австралијци. Федералниот премиер се извинил за начинот на кој Аборицините и народите од островите во Теснецот Торес биле третирани во минатото, и особено за начинот на кој аборицинските деца и децата од луѓето од островите во Теснецот Торес биле одземени од нивните родители.

Говорот го пренесуваа телевизиските и радио-станиците. Илјадници Австралијци се собраа на јавни места и на своите работни места за да го слушаат говорот за извинување. Во говорот официјално биле наведени неправдите од минатото и било побарано извинување поради нив. Тоа бил значаен чекор кон залечување на аборицинските народи и народите од островите во Теснецот Торес и за да се обезбеди дека такви неправди веќе никогаш нема да се случат. Говорот за извинување бил значаен чекор напред за сите Австралијци.



Авион на небото над Сиднеј испишува „Извинете"

Денес, непроценливиот придонес на аборицинските народи и народите од островите во Теснецот Торес за австралискиот идентитет е признат и широко прославуван. Голем број Аборицини и луѓе од островите во Теснецот Торес заземаат водечки позиции ширум австралиското општество, вклучувајќи ги правосудниот систем, политиката, уметностите и спортовите.

Алберт Наматџира (1902-1959)

Алберт Наматџира бил славен австралиски уметник кој отворил сосема нов начин на сликање на австралиски пејсажи. Како млад човек од народот Арернте, Алберт покажувал природна дарба за сликање. Тој имал многу малку формално образование, но неговите слики со водени бои на внатрешноста на Австралија биле многу популарни и многу брзо се продавале.

Тој и неговата сопруга биле првите Аборицини во Австралија на кои им било дозволено да станат државјани. Тоа значело дека можат да гласаат, да влезат во хотел и да изградат куќа каде што ќе посакаат. Австралиското државјанство на Алберт го нагласило фактот дека други домородни Австралијци ги немаат тие права.

Неговиот живот им покажал на недомородните Австралијци колку се неправедни расистичките закони и придонел да се воведат промени за Аборицините и за луѓето од островите во Теснецот Торес.



Еди Мабо (1936-1992)


Еди Коики Мабо бил активист и гласноговорник за правата на домородна земја. Тој бил роден на островот Мари, во традиционалната земја на народот Мериам во Теснецот Торес.

Од рана возраст го учеле точно кои дрвја и камења ги означуваат границите на земјата на неговото семејство.

Дури многу години подоцна Еди дознал дека неговата татковина се смета за земја што ѝ припаѓа на Круната според австралискиот закон, и дека не му припаѓа на неговото семејство. Тој го пренасочил својот гнев во акција и го однел неговиот случај на суд од името на луѓето од островот Мари.

Во 1992 година, после долги години, Еди го добил својот случај во Високиот суд. Со одлуката Мабо било пресудено дека ако домородните луѓе можат да докажат дека имаат историска и непрекината традиционална поврзаност со нивната земја, тие може да бараат сопственост над таа земја, ако не му припаѓа на некој друг. Оваа одлука довела до враќање на големи земјишни пространства на нивните првобитни сопственици.

Еди Мабо е запаметен по неговата храброст и по тоа што се изборил за правата на Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес над земјата.



Мултикултурно доселување

Во педесеттите и шеесеттите години од 20-иот век, едно растечко движење - вклучувајќи голем број азиски, црковни и други групи - барале укинување на политиката на „бела Австралија".

Во 1958 година, австралиската влада го укинала тестот со диктирање, а во 1966 година Австралија ги отворила вратите за доселување на одбрани неевропски и квалификувани азиски доселеници. Конечно Австралијците сфатиле колкава е вредноста на вклучувањето на сите народи во австралиската програма за доселување.

Политиката на „бела Австралија" била прекината во 1973 година и Австралија тргнала по патот на мултикултурализмот. Од тогаш владата ги отстранила сите расни критериуми за доселување. Во 1975 година, по Виетнамската војна, Австралија прифатила рекорден број азиски бегалци и доселеници, главно од Виетнам, Кина и Индија.

По 1945 година, милиони луѓе дошле да живеат во Австралија, вклучувајќи голем број бегалци од земји зафатени со војна. Денес доселеници доаѓаат во Австралија од сите страни на светот.

Австралија води активна политика на вклученост, со која секое лице од која е да е раса, националност или култура може да се чувствува како дел од нашето општество. Таа политика ги опфаќа сите аспекти на австралиското општество, вклучувајќи ги владините политики. Тоа се отсликува во нашата образовна наставна програма од раното детство па сè до универзитетот, и се применува на секое работно место.

Правото на секој поединец да биде третиран рамноправно и без дискриминација е заштитено од Австралиската комисија за човекови права и од државните агенции за спречување на дискриминација, во секоја држава и територија. Расната дискриминација е јавно осудена и претставува кривично дело.

Австралија стана мултикултурно општество на слога и прифаќање. Таа е земја во која доселениците, домородните Австралијци и сите кои се родени во Австралија, може да се чувствуваат слободни во мир да ги остваруваат своите цели.

Д-р Виктор Чанг (1936-1991)

Д-р Виктор Чанг бил еден од најдобрите хирурзи за срце во Австралија. Виктор Питер Чанг Јам Хим се родил во Кина во 1936, а дошол во Австралија кога имал 15 години.

Работел во болницата St.Vincent's во Сиднеј, каде што во 1984 година го основал првиот центар во Австралија специјализиран за пресадување на срце. Во 1986 година Виктор Чанг бил прогласен за Придружник на Орденот на Австралија.

Виктор станал загрижен поради недостигот на дарители, па затоа почнал да прави нацрти за вештачко срце, кои биле речиси завршени кога бил убиен во 1991 година.

Во негов спомен бил основан нов центар за истражување. Тој е запаметен по неговата стручност, оптимизам и иновации.



Заклучок

Овие страници ви дадоа краток увид во нашата австралиска приказна. Ви пожелуваме добредојде како австралиски државјанин и ве поканuваме да земете целосно учество во нашата мирољубива и демократска земја.

Како државјанин, вие ќе ги споделувате истите обврски и права како другите австралиски државјани и ќе го заземете вашето место како полноправен член на австралиската заедница. Вие ќе ја споделувате обврската на обликување на иднината на Австралија и ние го очекуваме ваше учество во тој национален проект.

Речник од поглавјето со неиспитен материјал

амбасадор
лице што претставува или популаризира некоја земја или активност

одбор
група луѓе избрани да донесуваат одлуки, на пример за тоа како треба да се води некоја компанија

интернат
училиште во коешто учениците живеат постојано и не се враќаат дома во текот на целото тримесечје

дивина
внатрешноста на Австралија со недопрена природа

добиточна фарма
голема фарма на која се одгледуваат говеда

повелба
службен писмен исказ за правата и обврските

заедничка основа
заедничко подрачје на интереси

регрутиран војник
војник кој не одлучил самиот да се придружи на одбранбените сили, туку морал да оди во војска во време на војна

земја на Круната
земја што ѝ припаѓа на државата

наставна програма
предмети и теми што се изучуваат

лишен
што нема пари или начин да дојде до пари

диџериду
музички инструмент на аборичинскиот австралиски народ, направен од долга шуплива гранка

fair go
почитување на правилата и немање на неправедно предимство; праведно и чесно третирање на луѓето

паднати борци
војници загинати во војна или во битка

да искове
да изгради или создаде

бруто домашен производ
вредноста на сите стоки и услуги извршени во една земја во текот на една година

жежок бран
многу топло време што трае повеќе од два дена едноподруго

велепредавство
тешко кривично дело што вклучува обид за уривање на власта

икона
добро позната и репрезентативна слика

иконични домородни слики
уметност карактеристична за Аборицините и луѓето од островите во Теснецот Торес, и што ги претставува

домороден
Аборицински народи и народи од островите во Теснецот Торес на Австралија

копнена маса
голема површина на земја

историска пресвртница
важен настан во историјата

домородни права над земјата
традиционални права што ги имаат аборицинските народи и народите од островите во Теснецот Торес на земја и вода, утврдени во австралискиот правен систем

усна историја
усно пренесувани сеќавања на луѓето за она што се случувало во минатото

пионер
еден од првите населеници, успешен човек од раните денови на колонијалното населување

политичко претставување
кога некој е претставуван од политичар во парламентот

пресуда
казна одредена од судија, како што е должината на престој во затвор на некој кој е прогласен за виновен за кривично дело

утврдување на надници
решавање колку мора работниците да бидат платени за нивната работа

општествена реформа
постепено внесување подобрувања во општеството, наместо со револуција

државен погреб
погреб што го плаќа владата за да му оддаде чест на некој граѓанин што дал значителен придонес за нацијата

барикада
одбранбена градба направена од дрвени колци и штици

сточари
луѓе вработени да се грижат за добитокот

штрајк
кога работниците престануваат да работат, на пример, за да протестираат поради нивните плати или работни услови

право на глас
право на гласање на јавни избори

да положиш заклетва
да бидеш прифатен во државна служба преку службена свеченост

место во општеството
општествена класа или потекло, позиција

За повеќе информации

Австралиско државјанство

За повеќе информации како да станете австралиски државјанин, видете на www.citizenship.gov.au.

Австралија

Повеќе информации за Австралија може да добиете во вашата локална библиотека. На следните интернет страници исто така може да има корисни информации

- За Австралија www.australia.gov.au
- Австралија накратко www.dfat.gov.au

Програми и служби на австралиската влада

За повеќе информации за програми и служби на австралиската влада видете на www.australia.gov.au

Сојузен член на парламентот или сенатор

Вашиот локален федерален пратеник или сенатор за вашата држава или територија има низа информации за програмите и службите на австралиската влада.

Список на пратеници и сенатори има на www.aph.gov.au.

Организации на австралиската влада

За повеќе информации за организациите на австралиската влада споменати во оваа книга, видете на следните интернет страници:

- Австралиски одбранбени сили www.defence.gov.au
- Австралиска изборна комисија www.aec.gov.au
- Австралиска федерална полиција www.afp.gov.au
- Австралиска комисија за човечки права www.humanrights.gov.au
- Австралиска комисија за спорт www.sportaus.gov.au
- Австралиска даночна служба www.ato.gov.au
- Австралиски воен меморијал www.awm.gov.au
- Резервна банка на Австралија www.rba.gov.au

Невладини организации

За повеќе информации за невладините организации споменати во оваа информативна книга, видете на следните интернет страници:

- Bradman Foundation Australia www.bradman.com.au
- Hamlin Fistula www.hamlinfistula.org
- Кралска служба на летачки доктори на Австралија www.flyingdoctor.org.au
- Училиште преку радио www.schoolair-p.schools.nsw.edu.au
- Дирекција на хидроелектраните на Снежните Планини www.snowyhydro.com.au
- Фондација Фред Холоуз www.hollows.org
- Центар на УНЕСКО за светското наследство whc.unesco.org
- Обединети нации www.un.org
- Институт за кардиолошки истражувања Виктор Чанг www.victorchang.edu.au
- Доброволци Австралија www.volunteeringaustralia.org

Други

Пребарајте ги следните интернет страници за повеќе информации на следните теми:

- Австралиски Устав www.aph.gov.au
- Награди Австралиец на годината www.australianoftheyear.org.au
- Извештај „Вратете ги дома“ www.humanrights.gov.au
- Паркови и резервати на Комонвелтот www.environment.gov.au
- Безбедност на интернет www.esafety.gov.au
- Поддршка во случај на домашно и семејно насилство www.respect.gov.au, www.1800respect.org.au, www.dss.gov.au/women/help-is-here-campaign
- Славни Австралијци: Австралиски речник на биографии adb.anu.edu.au
- Список на предлог-закони што Парламентот сега ги разгледува www.aph.gov.au
- Парламент на Австралија www.aph.gov.au
- Парламентарна канцеларија за образование www.peo.gov.au
- Државни празници www.australia.gov.au
- Расизам humanrights.gov.au
- Извинување до Аборичините и луѓето од островите во Теснецот Торес на Австралија www.australia.gov.au

Благодарност

Следните фотографии беа обезбедени благодарение на Министерството за земјоделство, вода и природна средина:

ст.50 Тасманиска дивина

Следните фотографии беа обезбедени благодарение на Министерството за внатрешни работи:

ст.5 Свеченост за државјанство во Алберт Хол, Канбера

ст.5 Сертификат за австралиско државјанство

ст.11 Церемонија на чадење, Канбера

ст.34 Семејство на церемонија за австралиско државјанство, Канбера

Следните слики беа обезбедени благодарение на Австралискиот државен архив:

ст.51 Деца на овчарска фарма во Нов Јужен Велс – Училиште преку радио, фотографија снимена во 1962 година (ref: A1200:L42511)

ст.60 Дик Смит, претседател на Службата за цивилно воздухопловство, 1991 година (ref: A6135:K23/5/91/1)

ст.65 Картата на Нова Холандија на Абел Тасман, 1644 година A1200:L13381)

ст.68 Историска фотографија од златната треска во Австралија во 1851 година (ref: A1200:L84868)

ст.70 „Авганистански" камилари во внатрешноста на Австралија (ref: A6180:25/5/78/62)

ст.77 Сер Едвард „Вири" Данлоп во неговата канцеларија, 1986 година (ref: A6180:1/9/86/12)

ст.78 Европски доселеник пристигнува во Австралија, Италијански берачи на шеќерна трска на бродот Фламинија во Кернс, 1955 година (ref:A12111:1/1955/4/97) A12111:1/1955/4/97)

Следните слики се обезбедени благодарение на Австралиската национална библиотека:

ст.53 Портрет на Џудит Рајт, објавен во 1940 година (ref: nla.pic-an29529596)

ст.66 Првата флота во Сиднејскиот Залив, 27 јануари 1788 година, изработена од Џон Олкот, 1888-1973 (ref: nla.pic-an7891482)

ст.66 Портрет на Керолајн Чисхолм, објавен од Томас Ферленд 1804-1852 (ref: nla.pic-an9193363)

ст.71 Портрет на Кетрин Хелен Спенс, објавен во 1890-тите (ref: nla.pic-an14617296)

ст.74 Џон Симпсон Киркпатрик и неговото магаре, Галиполе, 1915 година (ref: nla.pic-an24601465)

ст.76 Портрет на сер Чарлс Едвард Кингсфорд Смит, објавен меѓу 1919 и 1927 година (ref: nla.pic-vn3302805)

ст.81 Портрет на Алберт Наматџира во Мисијата Хермансбург, Северна Територија, објавен во 1946 или 1947 година од Артур Грум (ref: nla.pic-an23165034)

Следните фотографии беа обезбедени благодарение на iStockphoto:

Корици Пролетни цветови на мимоза, ©iStockphoto.com/ST-art (ref: 1135566007)

ст.6 Кенгурка и кенгурче во Заливот Лаки, Западна Австралија, ©iStockphoto.com/NeoPhoto (ref: 1142608453)

ст.9 Езерото Хјум, Викторија, ©iStockphoto.com/tsvibrav (ref: 675826394)

ст.15 Австралиски црн опал, ©iStockphoto.com/Alicat (ref:8323912)

ст.17 Австралиското знаме, ©iStockphoto.com/davidf (ref: 471630390)

ст.19 Мултикултурна група на девојчиња во основно училиште, ©iStockphoto.com/FatCamera (ref: 877714382)

ст.23 Зградата на Парламентот на Австралија, Канбера, ©iStockphoto.com/felixR (ref: 157193181)

ст.33 Група луѓе, ©iStockphoto.com/davidf (ref: 913541808)

ст.36 Чекан и вага на правдата, ©iStockphoto.com/studiocasper (ref: 1004781908)

ст.37 Разнолична група, ©iStockphoto.com/SolStock (ref: 1203934273)

ст.39 Пожар во Грин Ватл Крик, HJB, Австралија, декември 2019, ©iStockphoto.com PetarBelobrajdic (ref: 1198579743)

ст.47 Рачно обоени диџеридуа, ©iStockphoto.com/lore (ref: 185011099)

ст.48 Плажата Бондај, Сиднеј, ©iStockphoto.com/Edd Westmacott (ref: 91095176)

ст.49 Сиднејската опера, Нов Јужен Велс, ©iStockphoto.com/slowstep (ref: 607986870)

ст.50 Националниот парк Улуру-Ката-Тјута, Северна Територија, ©iStockphoto.com/bennymarty (ref: 1184425004)

ст.63 Улуру, Северна Територија, ©iStockphoto.com/simonbradfield (ref: :539027478)

ст.64 Аборџинска карпеста уметност – риба саратога, ©iStockphoto.com/Alpen Gluehen (ref: 2761924)

ст.75 Ѕидови на Австралискиот воен меморијал, Канбера, ©iStockphoto.com/ Matt Palmer (ref: 1125736631)

Следните фотографии беа обезбедени благодарение на Shutterstock:

ст.7 Домородни танчери на фестивалот Homeground, Сиднеј ©shutterstock.com/PomInOz (ref: 345113882)

ст.21 Гласач, ©shutterstock.com/Nils Versemann (ref: 446229916)

ст.31 Врховниот суд на Австралија, ©shutterstock.com/Greg Brave (ref: 1051621895)

Сите други слики се обезбедени благодарение на следните организации/луѓе:

ст.24 Уставниот закон на Комонвелтот на Австралија од 1900 година: Копија на оригиналниот јавен запис, фотографија љубезно отстапена од колекцијата на подароци, Уметничка колекција на Парламентот, Оддел за парламентарни услуги, Канбера ACT

ст.40 Островот Херд и Островите Мекдоналд, фотографија љубезно отстапена од Австралиското антарктичко одделение © Commonwealth of Australia, снимил Л. Е. Ларџ (ref:1892A2)

ст.52 Сер Доналд Брадман, фотографија љубезно отстапена од Брадмановиот музеј на крикет. Сер Доналд Брадман ја носи неговата капа на Australian Test, фотографиран во текот на австралиската сезона 1931-32

ст.54 Д-р Фиона Вуд AM, слика љубезно отстапена од Националниот совет на Денот на Австралија

ст.55 Професор Фред Холоуз, фотографија љубезно отстапена од Фондацијата Фред Холоуз, снимил Френк Виоли

ст.56 Д-р Џејмс Муке, слика љубезно отстапена од Националниот совет на Денот на Австралија

ст.56 Професор Мишел Сајмонс, слика љубезно отстапена од Националниот совет на Денот на Австралија

ст.61 Д-р Кетрин Хамлин AC, фотографија љубезно отстапена од Hamlin Fistula Relief and Aid Fund

ст.71 Лорд Ламингтон им се обраќа на луѓето собрани по повод Денот на Федерацијата, Бризбејн, 1901 година, фотографија љубезно отстапена од Државната библиотека на Квинсленд, снимил Х. В. Мобсби (ref:47417)

ст.72 Едит Кауан, слика љубезно отстапена од Националниот музеј на Австралија

ст.73 Доротеа Макелар, слика љубезно отстапена од Државната библиотека на HJB

ст.76 Народна кујна, фотографија љубезно отстапена од Државната библиотека на Нов Јужен Велс (Библиотека Мичел). Ученици построени за бесплатно делење на супа и парче леб, државно училиште Белмор Норт, Нов Јужен Велс, 2 август 1934 година, снимил Сем Худ (ref: H&A 4368)

ст.77 Ранет војник на патеката Кокода, фотографија љубезно отстапена од Австралискиот воен меморијал (ref:014028)

ст.81 Еди Мабо, фотографија репродуцирана со одобрение на Бернита и Геил Мабо

ст.82 Д-р Виктор Чанг, фотографија љубезно отстапена од Истражувачкиот институт за срце Виктор Чанг

Белешки

